Архивски знак: 0202
Рок на чување: трајно
27.04.2018 година

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на член 13 и 25 од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија, Раководниот одбор на Црвениот крст на Република Македонија на својата седница одржана на 27.04.2018 донесе

ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0202-463/1
27.04.2018 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ ВО ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува волонтирањето, условите и начинот на вршење на волонтирањето во Црвен крст на Република Македонија (во натамошен текст:Црвен крст на РМ) значењето, вредностите, правата и обврските на волонтерите и на Црвениот крст на Република Македонија и евиденцијата на волонтерската работа.

Член 2

Волонтерството претставува активност од интерес за Република Македонија која придонесува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, како и за развој на хумано и рамноправно демократско општество.

Волонтирањето во Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина е од посебен интерес на организацијата и е активност која е мотивирана од слободната желба на лицето за волонтирање, а не од желба за материјална или финансиска добивка или надворешен социјален, економски или политички притисок и е наменета во корист на ранливо население во заедниците согласно со Основните принципи на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Волонтирањето во Црвен крст на РМ е средство за поединец или група да примени во пракса еден од основните принципи на Движењето-Волонтерска служба.

Член 3

Под волонтерство се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и /или вршење на други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, одн. волонтерски услуги кои се од непостојана или случајна природа на доброволна основа, без надоместок.

Волонтерството не подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно со Законот за работните односи.

Член 4

Волонтер е физичко лице кое дава услуги, вештини и знаења во корист на други лица, органи, организации и други институции, на доброволна основа и без финасиска или друга лична добивка.

Волонтер на Црвен крст на РМ е лице кое повремено или редовно извршува волонтерски активности за Црвен крст на РМ одн. лице кое доброволно со личен придонес, ентузијазам и заложба извршува работи за Црвен крст на РМ и помага во подобрување на животот на ранливото население, без материјална корист.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### Услови и начин на волонтирање

Член 5

Волонтер може да биде домашно и странско физичко лице.

Волонтер во Црвен крст на РМ може да биде и странско физичко лице врз основа на претходно обезбедена согласност од Министерството за труд и социјална политика и регулиран престој во Република Македонија или по основ на размена на волонтери со Црвен крст на друга држава како и волонтери во други меѓународни организации.

Член 6

Волонтер може да биде и малолетно лице со писмена согласност од неговите родители или старатели.

Законските одредби кои се однесуваат на заштита на лицата од 15 до 18 години, соодветно се применуваат на малолетните лица кои волонтираат во Црвен крст на РМ.

Член 7

Црвен крст на РМ ја утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите.

Член 8

Црвен крст на РМ не ги става волонтерите во нееднаква положба поради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

**Права и обврски на волонтерот**

Член 9

Волонтерот во Црвен крст на РМ има право на:

- соодветна обука и личен развој за да бидат во состојба да ги исполнат дадените ангажмани и да ги спроведат договорените задачи или улога;
- користење соодветна опрема за да може да ги спроведат договорените и поставени задачи или улога;
- почитување на лични мислења и идеи при креирање и реализација на соодветни активности;
- избор да станат членови на националното друштво, во согласност со одредбите на статутот;
- вреднување и признавање на нивниот придонес;
- право на заштита на приватноста и личните податоци;
- право на надоместок на претходно договорени трошоци;
- склучување на Договор за конкретна активност која бара подолготраен волонтерски ангажман или професионална стручна активност, што не создава обврска за работен ангажман;
- прифаќање или одбивање задача или улога според нивна проценка.

Член 10

Волонтерот на Црвен крст на Република Македонија има обврска да:

- ги почитува, дисеминира и делува во согласност со Основните принципи на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина и да го промовира нивното дисеминирање;
- ги промовира вредностите на волонтерската служба;
- го почитува Законот, Статутот и другите акти на Црвениот крст на РМ;
- се труди и работи според највисоките и поставените стандарди за работа;
- биде на располагање во случај на итна состојба, во договор со националното друштво и во согласност со вештините и способностите кои ги поседува;
- одговори на потребите на корисниците и да го зајакне капацитетот за самопомош и активно волонтирање;

- потпише изјава за вршење на конкретна оперативна активност на терен;
- ја користи опремата која им е дадена за извршување на задачата и одговорно се однесуваат кон истата според дадени насоки за управување со истата;
- не дава своеволни изјави пред медиумите или на социјалните мрежи без претходна консултација со вработеното лице кое ја координира активноста;
- ги штити личните податоци на лицата со кои се во контакт;
- поднесува извештаи за својот ангажман;
- со своето однесување да не предизвика штета по имиџот на Црвениот крст;
- да се однесува во согласност со Кодексот на однесување на членови и волонтери во Црвен крст на РМ и овој Правилник.

Член 11

Црвен крст на Република Македонија како рамноправен член на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина има обврска:
- да го промовира волонтерството како значаен и позитивен придонес во подобрувањето на животот на ранливото население и за зајакнување на заедниците и граѓанското општество;
- да го признава и вреднува волонтерството како средство за креирање и поддршка на мрежа на луѓе кои се достапни за работа во националното друштво во случај на итна состојба;
- да ги вреднува сите волонтери примарно заради нивниот индивидуален придонес, ентузијазам и заложба, како и за искуството и вештините кои ги носат со себе.

Член 12

Црвениот крст на Република Македонија е должен да:

- го запознае волонтерот со интерните акти кои се однесуваат за конкретна активност;
- да го запознае волонтерот со Кодексот на однесување на членови и волонтери во Црвениот крст на РМ и овој Правилник;
- обезбедува стандарди за работа и одговорност во зависност од активноста и околностите;
- ангажира волонтери за специфични, точно утврдени улоги или задачи;
- ангажира волонтери врз база на нивните заложби и потенцијали;
- се труди активно да ангажира волонтери без разлика на нивната раса, етничка припадност, пол, вера, хендикеп или возраст;
- обезбедува соодветно учество на мажи и жени во волонтерските програми на националното друштво за ефикасно обезбедување на услуги и активности за прашања поврзани со родовата застапеност;
- обезбедува соодветна обука која ќе му овозможи на волонтерот да ги исполни своите одговорности кон Црвениот крст, специфичната задача или улога за која бил ангажиран да ја спроведе, и било која друга активност при итна состојба која ќе биде побарано да ја спроведе;
- обезбедува соодветна заштитна опрема за задачите и улогите кои ќе ги извршуваат волонтерите;
- наградува и доделува признанија на волонтери секогаш кога тоа е можно и соодветно и ќе им обезбедува можности за личен развој;
- обезбедува почитување на ставови и идеи на своите волонтери во сите фази на креирање, подготвување, имплементација и евалуација на програмот или активноста;
- надоместува разумни трошоци (патни трошоци и храна) кои ги направиле волонтерите во текот на спроведување на одобрена волонтерска активност;
- обезбедува соодветно волонтерско осигурување за волонтерите;
- се грижи волонтерската работа да не биде замена и причина за губење на платената служба;
- обезбедува соодветен надомест за лица кои извршуваат одредена задача или работа, со склучени договори за волонтерско ангажирање;
- обезбедува соодветна обука и развојни можности за постоечките и потенцијалните волонтери од раководството;
- ја унапредува соработката и партнерствата со организации во граѓанското општество и јавниот и приватниот сектор кои го поттикнуваат волонтерството;

- води евиденција за волонтерите и нивниот ангажман на начин определен од националното друштво.

Член 13

Волонтерот кој за време или во врска со давањето на волонтерската услуга намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета на Црвен крст на РМ или на трети лица , должен е да им ја надомести штетата.

Член 14

За прашањата кои ќе произлезат од волонтерскиот однос, а кои не се уредени со овој Правилник, се применуваат одредби од Законот за волонтерство на Република Македонија.

Член 15

Волонтирањето во Црвениот крст на РМ престанува:

- со престанување на потребата за волонтирање,
- кога не постои можност за обезбедување на услови за волонтирање,
- кога се констатира дека волонтерот не ги исполнува договорените обврски и
- во случај на кршење на етичките норми, основните принципи и актите на Црвен крст на РМ,
- со писмена изјава без обврска да ја наведе причината, освен кога престанувањето може да предизвика штетни последици во работењето на Црвен крст на РМ или на трети лица.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 16

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 17

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за волонтирање во Црвен крст на Република Македонија (бр. 02-587/1 од 02.07.2009 година).

Претседател

проф. д-р Ромел Велев